<table>
<tr><td>Назив на обуката за стручни вештини</td><td colspan="2">Подобрување на организацискиот пристап при реализација на практичната настава во компании</td></tr>
<tr><td>Период на реализација на интервенцијата</td><td colspan="2">Јуни 2023 – Декември 2023</td></tr>
<tr><td>Број на лица кои ќе бидат обучувани</td><td>Директно: 20</td><td>Индиректно (проценка): н/а</td></tr>
<tr><td colspan="3">Наведете ги насловите на активностите (за повеќе активности додадете редови)</td></tr>
<tr><td colspan="3">Активност 1: Изработка на тренинг програма за реализација на практична обука во компанија</td></tr>
<tr><td colspan="3">Активност 2: Реализација на практична обука во компании</td></tr>
<tr><td colspan="3">Активност 3: Организација на настан - Вмрежување со работодавачи</td></tr>
</table>

| |
|---|
| **Причина за интервенцијата** (Објаснете ја причината поради која се организира интервенцијата, како и кои се целите кои сакате да ги постигнете со неа.) |
| Имајќи го предвид подоброто поврзување на високото образование со потребите на приватниот сектор, образовните програми ги сочинуваат часови планирани за теориска наобразба кои се реализираат од страна на факлултетот и часови планирани за практична наобразба кои во идеални услови треба да се реализираат на самото работно место, односно во компанија од областа.<br>Иако овој принцип на реализација на наставата се имплементира во државата, сепак недостига системско регулирање на целиот процес. Со цел подобрување на квалитетот на реализација на практичната настава на работното место, потребна е едукација на компаниите кои примаат студенти на практична настава, процес кој е прилично дефиниран и соодветно регулиран во средното стручно образование.<br>Користејќи ги искуствата од реализација на практичната настава во средното стручно образование, намерата е да се вградат во системот на високото образование. Имајќи го предвид различниот пристап при реализација на наставата согласно комплексноста на образовниот степен соодветни прилагодувања на системот треба да се направат и соодветно да се регулираат.<br>За таа цел, Факултетот во соработка со Центарот за стручно образование и компаниите од регионот, пилотираат активност која треба да покаже на потенцијалните проблеми при реализацијата на практичната настава во компанија за студентите во високото образование. Дел од компаниите се запознати со концептот на учење преку работа, а дел од нив имаат сертифицирани ментори (согласно Законот за стручно образование и обука). Ова знаење претставува база на која ќе се надоградуваат активностите во високото образование. |

| **Детален опис на интервенцијата**<br>(Овој дел треба да опфати детален опис на активностите и кој е крајниот очекуван резултат.<br>Се додаваат детални информации за специфичната поддршка што се бара од E4E@mk, може да се додадат и други делови) |
|---|
| На почетокот се планира координација и консултација на засегнатите страни согласно овие активности. Се планираат средби со компании, а паралелно ќе се одвива координација и со институциите, во прв пла Центарот за стручно образование и обука. Појдовниот документ за реализција на учењето преку работа е тренинг програма за реализација на практична обука во компанија. Во изработката на оваа тренинг програма ќе учествуваат експерти од Центарот за стручно образование и обука, Земјоделскиот Факултет и претставници од компаниите. Во програмата ќе бидат опфатени детали кои ќе им помогнат на компаниите да ја реализираат практичната обука, а во целиот процес ќе ја имаат поддршката на образовната институција, во овој случај Земјоделскиот Факултет.<br>Штом се постигне согласност за финалната верзија на програмата (предвидено е да се достави на разгледување во соодветно секторско здружение, експертска група од областа, компании кои реализираат практична настава и сл.) компаниите ќе започнат со пилот реализција на програмата. Професорите од Факултетот ќе пружат целокупна поддршка во процесот и ќе ги идентификуваат потенцијалните слаби страни. Доколку се потребни модификации на процесот/програмата ќе се направат определени прилагодувања на програмата, притоа консултирајќи се со наведените засегнати страни. |

| **Можност за инклузивност во интервенцијата** (Опишете на кој начин ќе се обрне внимание на инклузијата преку оваа интервенција особено на младите лица, жените, Роми, лица со посебни потреби) |
|---|
| Во оваа активност ќе бидат опфатени сите лица кои се студенти во високото образование. Имајќи го предвид инклузивниот пристап и пермеабилноста на целокупниот образовен систем, наведените таргет групи ќе бидат опфатени со овие активности. |

| **Одржливост** (Ве молиме опишете како интервенцијата ќе биде одржлива на подолг рок) |
|---|
| По првичната реализација на тренинг програма и воспоставената комуникација со компаниите кои вршат практична обука на студенти, ќе се направат определени прилагодувања, доколку е потребно. Со прифаќање на финалниот концепт/тренинг програма, реализацијата на активностите ќе биде дел од високо образовната програма која предвидува теоретска и практична наобразба во компанија, односно работно место. Во овој случај одржливоста на активностите ќе биде загарантирана на долг рок. |